Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**февруари, 2020 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

## СОДРЖИНА

Резиме.....2

**1. Реален сектор**

Индустриско производство.....3
Број на работници во индустријата.....4
Деловни тенденции во преработувачката индустрија.....5
Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите.....5
Инфлација.....6
Берзански цени..... 7

**2. Надворешнотрговска размена**

Извоз.....8
Увоз.....9
Салдо на трговска размена.....10
Валутна структура..... 11

**3. Фискален сектор**

Буџетски приходи според економската класификација..... 11
Приходи по буџетски корисници.....13
Буџетски расходи според економската класификација.....14
Расходи по буџетски корисници.....15
Буџетско салдо.. .....17

**4. Социјален сектор**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување.....17
Плати.....18
Пензии.....19

**5. Монетарен и финансиски сектор**

Примарни пари.....20
Депозитен потенцијал.....21
Кредити на банките.....22
Каматни стапки на депозитни банки.....22
Пазар на капитал..... 23
Девизни резерви..... 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

февруари, 2020 година

- Индустриското производство во февруари 2020 година забележа раст од 3,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во февруари 2020 година се зголемија за 0,7% во однос на февруари 2019 година, по растот од 0,6% во јануари 2020 година;
- Во периодот јануари - февруари 2020 година извозот забележа раст од 3,4%, а увозот раст од 4,9%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 9,6%, споредено со истиот период од 2019 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2020 година изнесуваа 31.327 милиони денари, односно 4,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,3% во однос на истиот период од 2019 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2020 година изнесуваа 35.631 милион денари, односно 4,8% од БДП, што е за 8,9% повеќе во однос на јануари и февруари 2019 година;
- Вкупните кредити на банките во февруари 2020 година се зголемија за 6,9% во споредба со февруари 2019 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 8,3%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во февруари 2020 година забележа раст од 3,5% во споредба со истиот месец претходната година. Растот се должи на позитивните движења во секторот Преработувачка индустрија од 6,6% и придонес од 5,0 п.п., како и Рударство и вадење на камен од 7,7% и придонес од 0,9 п.п., а е ублажен со падот во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 13,3% и негативен придонес од 1,6 п.п..

**Графикон 1.1:** Индустриско производство *(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во февруари 2020 бележат 18 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 61,1% во структурата на вкупното производство. Меѓу гранките со повисока додадена вредност, раст во февруари 2020 е забележан кај производството на моторни возила од 18,8% и придонес во вкупното производство од 2,3 п.п., производството на компјутерски, електронски и оптички производи од 80,5% и придонес од 0,5 п.п., како и производството на фабрикувани метални производи од 5,0% и придонес од 0,1 п.п.. Од традиционалните гранки, раст е забележан кај производството на тутунски производи од 104,8% и придонес од 1,9 п.п., како и кај производството на облека од 9,5% и придонес од 0,7 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата *(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Во поглед на поделбата според наменски групи, растот се должи главно на зголеменото производство кај Капиталните производи од 10,4% и придонес од 2,4 п.п., како и кај Нетрајните производи за широка потрошувачка од 7,0% и придонес од 2,2 п.п..

Индустриското производство во периодот јануари - февруари 2020 година, споредено со истиот период минатата година, бележи раст од 1,9%, што се должи на растот во секторот Преработувачка индустрија од 5,6% и придонес од 4,3 п.п. и секторот Рударство и вадење на камен од 8,6% со придонес од 1,0 п.п., додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан пад од 14,7% со придонес од -1,8 п.п.. Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на моторни возила од 1,8 п.п. при раст од 14,7% и производството на производи од гума и пластични маси од 0,9 п.п. при раст од 39,6%.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, февруари 2020 година)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, февруари 2020 година)*




Извор: ДЗС.

Кај наменските групи, растот на индустриското производство во првите два месеца од 2020 година се должи главно на зголеменото производство кај Интермедијарните производи, освен енергија од 7,4% со придонес од 2,1 п.п. и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 6,5% со придонес од 2,0 п.п..

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата во февруари 2020 година во однос на истиот месец од 2019 година е намален за 3,2%. Падот се должи на намалениот број на работници во сите сектори, и тоа Преработувачка индустрија од 3,6%, Рударство и вадење на камен од 0,8% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,3%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи покажуваат дека зголемување на бројот на работници има единствено кај



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

групата Капитални производи од 0,4%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари-февруари 2020 година бележи пад од 3,2%, што се должи на намалениот број на работници во сите сектори, односно Преработувачка индустрија од 3,5%, Рударство и вадење на камен од 1,0% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 0,5%.

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите два месеца од 2020 година е зголемен единствено кај групата Капитални производи од 1,0%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во февруари 2020 година е поповолна споредено со претходниот месец, како и во однос на февруари 2019 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во февруари изнесува 71,4%, што претставува раст споредено со јануари 2020 година, кога изнесувало 71,1%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 2,6 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во февруари имаат следните фактори: недостигот на квалификувана работна сила со 26,0%, недоволната странска побарувачка со 18,0%, недоволната домашна побарувачка со 14,4%, неизвесното економско окружување со 12,7%, недостигот на суровини со 7,6% и финансиските проблеми со 6,4%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во февруари 2020 година во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се понеповолни во однос на јануари 2020 година, а залихите на готови производи на месечна основа се незначително зголемени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во февруари 2020 година издадени се вкупно 248 одобренија за градење и во однос на истиот месец од 2019 година бројот на издадени одобренија за градење бележи раст од 62,1%. Споредено со јануари 2020

**Графикон 1.5:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

година, бројот на издадени одобренија за градење се намали за 6,1%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во февруари 2020 година на годишна основа порасна за 2,5 пати, а во однос на претходниот месец се намали за 10,6%.

**Графикон 1.6:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(февруари 2020)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 137 (или 55,2%) се наменети за објекти од високоградба, 33 (или 13,3%) за објекти од нискоградба и 78 (или 31,5%) за реконструкција на објекти.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 248 издадени одобренија за градба, на 130 објекти (или 52,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 118 објекти (или 47,6%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во февруари 2020 година предвидена е изградба на 336 станови, со вкупна корисна површина од 28.384 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба во однос на претходниот месец е намален за 41,2%, а на годишна основа е поголема за 2,7 пати.

## Инфлација

**Графикон 1.7:** Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во февруари 2020 година се зголемија за 0,7% во однос на февруари 2019 година, по растот од 0,6% во јануари 2020 година.

Во февруари 2020 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 0,4% на годишно ниво. Највисок годишен раст на цените во февруари 2020 година е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 5,2% следена со порастот на цените во категориите: Рекреација и култура 2,0%, Разновидни стоки и услуги од 1,6%, Транспорт од 1,5%, Ресторани и хотели од по 1,1%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1,0%, Здравје и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,3% и Образование од 0,2%.

Годишен пад на цените во февруари 2020 година е регистриран во категориите: Облека и обувки од 1,6% и Комуникации од 0,2%.

**Графикон 1.8:** Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Потрошувачките цени во февруари 2020 година се зголемија за 0,1% во однос на претходниот месец. Најголем пораст на цените на месечно ниво е регистриран во категориите Храна и безалкохолни пијалаци од 0,7% и Разновидни стоки од услуги од 0,4%.

Намалување на цените на месечно ниво е забележано во категориите: Транспорт од 2,0% , Облека и обувки од 0,6% и Комуникации од 0,1%.

Цените на мало во февруари 2020 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 0,5%, а на месечна основа регистрираа пад од 0,3%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во февруари 2020 година во однос на претходниот месец се намали за 13,5% и изнесува 55,0 долари за барел. Споредено со февруари 2019 година, цената на нафтата бележи пад од 14,2%. Цената на природниот гас во февруари на месечна основа опадна за 10,0%.

**Графикон 1.9:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Што се однесува до металните производи, никелот како значаен извозен производ во февруари 2020 година се тргуваше со просечна цена од 12.716 долари за еден метрички тон ($/мт) и бележи месечен пад на цената од 5,9%. На годишна основа, цената на никелот порасна за 0,2%. Покрај никелот, намалување на цената во февруари во однос на јануари 2020 година забележаа и

**Графикон 1.10:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

останатите основни метали. Така, цената на цинкот се намали за 10,2%, на бакарот за 5,7%, на алуминиумот за 4,8%, на калајот за 3,2% и на оловото за 2,7%. Во февруари 2020 година, железната руда бележи пад на цената од 8,4% на месечно ниво.

Во однос на благородните метали, цените на платината и среброто во февруари 2020 година исто така бележат месечно намалување од 2,7% и 0,5%, соодветно, додека цената на златото се зголеми за 2,3% споредено со претходниот месец.

Цената на пченицата и пченката на светските берзи во февруари 2020 година во однос на јануари 2020 година се намалија за 4,1% и 1,8%, соодветно.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите два месеца од 2020 година изнесува 2.288,1 милион евра и бележи раст од 4,2% во однос на истиот период од минатата година.




Во периодот јануари - февруари 2020 година, учеството на размената со Европската унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,9 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 61,7%.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - февруари 2020 година, изнесува 977,1 милион евра и бележи раст од 3,4% (31,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 0,3%.




Вредноста на извезените стоки во февруари 2020 година изнесува 519,9 милиони евра и бележи пад

[1] Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

од 1,9% (9,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 18,6%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2020 година извозот бележи раст од 13,7% (62,7 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 4,5%.

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по економска намена (*учества во %*)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - февруари 2020 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,7% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари - февруари 2020 година споредено со истиот период од 2019 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите-извозници на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 2,4% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 1,5%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 81,0% и 9,2% соодветно.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - февруари 2020 година изнесува 1.311,0 милиони евра и бележи раст од 4,9% (61,3 милиони евра) во однос на истиот период од 2019 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 12,9%.

**Графикон 2.4:** Структура на увозот по економска намена (*учества во %*)




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Вредноста на увозот во февруари

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

2020 година изнесува 719,7 милиони евра, што претставува раст од 5,9% (40,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2019 година, а увезените количини стоки се намалени за 2,3%.

Анализирано на месечно ниво, во февруари 2020 година увозот бележи раст од 21,7% (128,4 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 3,1%.

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2019 | I-II-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5,5 | 8,8 | 3,3 | 61,0 |
| Мил. ЕУР | 197,0 | 192,5 | -4,5 | -2,3 |
| Мил. $ | 224,4 | 211,6 | -12,8 | -5,7 |

*) Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2019 | I-II-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 5,3 | 5,4 | 0,0 | 0,6 |
| Мил. ЕУР | 33,9 | 32,7 | -1,3 | -3,7 |
| Мил. $ | 38,6 | 35,9 | -2,7 | -6,9 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2019 | I-II-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 124,0 | 134,6 | 10,6 | 8,5 |
| Мил. ЕУР | 89,2 | 102,3 | 13,1 | 14,7 |
| Мил. $ | 101,5 | 112,6 | 11,1 | 10,9 |

*) Претходни податоци

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2019 | I-II-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 142,9 | 141,7 | -1,2 | -0,9 |
| Мил. ЕУР | 73,0 | 63,7 | -9,2 | -12,7 |
| Мил. $ | 83,0 | 70,2 | -12,9 | -15,5 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2019 | I-II-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 12,7 | 11,3 | -1,4 | -11,2 |
| Мил. ЕУР | 155,8 | 156,9 | 1,1 | 0,7 |
| Мил. $ | 177,3 | 172,6 | -4,8 | -2,7 |

*) Претходни податоци

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-II-2019 | I-II-2020 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 9,7 | 10,8 | 1,1 | 11,7 |
| Мил. ЕУР | 114,1 | 125,2 | 11,1 | 9,8 |
| Мил. $ | 129,9 | 137,7 | 7,8 | 6,0 |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - февруари 2020 година, трговскиот дефицит се зголеми за 9,6% односно 29,4 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во февруари 2020 година, трговскиот дефицит се зголеми за 33,4% односно 50,0 милиони евра споредено со февруари 2019 година.

**Графикон 2.5:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на негативното салдо во размената со храна и пијалаци, горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема, како и намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема и

стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки.

Во периодот јануари - февруари 2020 година, 88,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: САД, Јужна Африка, Турција, Русија, Италија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Холандија и Белгија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 84,5% од трговската размена во периодот јануари - февруари 2020 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2019 година претставува намалување за 0,7 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 91,9% и 79,0%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,8 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е намалена за 0,6 п.п. во однос на периодот јануари - февруари 2019 година.

Табела 2.2 Надворешно трговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - II - 2019 | | | | | I - II - 2020 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 642,5 | 994.882.571 | 61,5387 | 61.223.780.042 | 79,6 | 698,8 | 1.035.502.140 | 61,5705 | 63.756.384.518 | 79,0 | 40.619.570 | 4,1 |
| УСД | 343,2 | 275.917.160 | 54,0469 | 14.912.467.178 | 19,4 | 414,9 | 288.807.095 | 55,9131 | 16.148.099.967 | 20,0 | 12.889.934 | 4,7 |
| ГБП | 0,7 | 3.756.831 | 69,8552 | 262.434.148 | 0,3 | 0,8 | 3.262.542 | 72,8654 | 237.726.401 | 0,3 | -494.289 | -13,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 986,5 | | | 76.398.681.367 | 99,0 | 1.114,6 | | | 80.142.210.886 | 99,3 | | |
| вк извоз: | 988,9 | | | 76.909.013.646 | 100,0 | 1.116,8 | | | 80.728.864.992 | 100,0 | | 5,0 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - февруари 2020 година изнесуваа 31.327 милиони денари, односно 4,2% од БДП, што претставува поголемо остварување за 4,3% во однос на истиот период од 2019 година.

Даночните приходи се реализирани во износ од 17.806 милиони денари и во однос на истиот период од 2019 година се зголемени за 5,3%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 8.215 милиони денари, што претставува зголемување од 4,4% во однос на јануари и февруари 2019 година, со доминантно учество во даночните приходи од 46,1%. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 13.056 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 4.842 милиона денари (бруто-наплатата е повисока за 7,4%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 12,9% споредено со јануари - февруари 2019 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од

увоз кој забележува поголемо остварување за 8,6%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 5,4%.

Акцизите се остварени во износ од 3.955 милиони денари (учество од 22,2% во даночните приходи), што претставува зголемување од 6,3% во споредба со јануари и февруари 2019 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 12.170 милиони денари, што претставува 68,3%, односно повеќе од 2/3 од даночни приходи во јануари и февруари 2019 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 2.890 милиони денари и бележат раст од 14,1% на годишна основа, при што 66,7% од личниот данок претставува приходот од данокот на личен доход и други лични примања, 8,3% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,7% од приходи по основ на договор на дело, 6,2% од приходи од капитал и 4,4% од приходи од имот и имотни права.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 1.478 милиони денари и забележаа помало остварување за 17,2% во однос на истиот период претходната година, при што намалување се забележува и кај месечните аконтации (15,8%) и кај даночните биланси.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.166 милиони денари и забележаа зголемување од 27,6%. Приходите од други даноци со остварен износ од 102 милиона денари забележаа зголемено остварување за 25,9% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 10.221 милион денари, што претставува поголемо остварување за 13,8% споредено со истиот период од 2019 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 14,2%, кај придонесите за здравствено осигурување за 13,1% и кај придонесите за вработување за 11,5%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 2.288 милиони денари и во однос на анализираниот период од 2019 година забележаа пониско остварување за 29,7% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се остварија во износ од 344 милиони денари, што е повеќе од двојно зголемување во однос на јануари и февруари минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 467 милиони денари и се намалени за 16,6% во однос на истиот период лани.

## Приходи по буџетски корисници

Буџетските приходи, односно приливот на средства во Централниот буџет, се остваруваат главно преку Министерството за финансии – функции на државата[3] и во периодот јануари - февруари 2020 година изнесуваат 30.435 милиони денари, односно 93,1% од приходите на сите буџетски корисници, а претставуваат 15,7% од годишниот план на овој буџетски корисник.

**Графикон 3.2:** Структура на приходите на Министерството за финансии – функции на државата *(јануари - февруари 2020 година)*




Извор: МФ.

Во рамки на разделот Министерството за финансии – функции на државата преовладуваат даночните приходи кои претставуваат 57,8% од вкупните приходи и приливи, при што нивната наплата во периодот јануари – февруари 2020 година изнесува 13,9% од годишниот план. Приливот на средства по основ на домашно задолжување за овој период изнесува 11.357 милиони денари, што претставува 37,3% од вкупниот износ на овој буџетски корисник.

Министерството за образование и наука оствари приходи во износ од 751 милион денари, односно 2,3% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници и најголемиот дел од тој износ (80,4%) претставуваат неданочни приходи, главно по основ на такси и надоместоци.

[3] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Министерството за финансии како буџетски корисник оствари приходи во износ од 267 милиони денари, што претставува 0,8% од приходите и приливот на средства на сите буџетски корисници. Приливот на средства по основ на отплата на заеми изнесува 140 милиони денари и претставува 52,3% од вкупните приходи на овој буџетски корисник.

Останатите буџетски корисници збирно имаат остварено 3,7% од вкупните приходи и приливи. Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

Во однос на буџетските фондови, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во периодот јануари - февруари 2020 година оствари приходи во износ од 12.209 милиони денари, што претставува 15,8% од годишниот план на Фондот. Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија во овој период има остварено приходи во износ од 5.176 милиони денари, односно 15,1% од годишниот план на Фондот. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија оствари приходи во висина од 442 милиони денари, што претставува 13,2% од годишниот план.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – февруари 2020 година изнесуваа 35.631 милион денари, односно 4,8% од БДП, што е за 8,9% повеќе во однос на јануари и февруари 2019 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 34.492 милиона денари учествуваа со 96,8% и се зголемени за 8,4% во однос на истиот период од 2019 година.

**Графикон 3.3:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 4.884 милиони денари што претставува зголемување за 9,5% во однос на јануари и февруари претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 2.153 милиони денари и споредено со истиот период од 2019 година забележаа намалување од 0,7%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 25.828 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа поголема



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

реализација за 9,6% споредено со јануари и февруари 2019 година и истите учествуваа со 72,5% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 17.925 милиони денари, забележаа зголемување од 5,6% и учествуваа со 50,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 11.210 милиони денари, што е зголемување за 4,9% споредено со истиот период од 2019 година и учествуваат со 31,5% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 20,9%, односно се зголемија за 18,2% и се реализирани во износ од 7.446 милиони денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.132 милиона денари забележаа зголемување од 14,1% во споредба со јануари и февруари претходната година. Други субвенции и трансфери изнесуваа 3.922 милиона денари што е за 23,6% повеќе споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.627 милиони денари, што е непроменето во споредба со истиот период од 2019 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 4,0%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 1,5%. Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 1.139 милиони денари со структурно учество од 3,2% во вкупните расходи, при што забележаа повисока реализација за 24,2% во споредба со јануари и февруари 2019 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 84,7% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

Во првите два месеца од 2020 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 12.610 милиони денари, што претставува 21,5% од годишниот буџет. Најголем дел од расходите или 80,7% отпаѓаат на отплата на главнина, за што се потрошени 10.182 милиони денари, односно 23,7% од средствата планирани за оваа намена во 2020 година. По основ на каматни плаќања отпаѓаат

[4] Во рамките на разделот *функции на држава* опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА (национално кофинансирање и ИПА средствата од ЕУ). Исто така, во рамките на овој раздел, а согласно со Законот за буџетите на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот, предвидени се средства за покривање елементарни непогоди и средства за финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

12,9% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.629 милиона денари или 19,7% од планираното.

Министерството за труд и социјална политика во периодот јануари - февруари реализираше 7.739 милиони денари или 15,8% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (71,8%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 5.559 милиони денари или 16,4% од средствата наменети за 2020 година. Втора најзначајна расходна ставка се социјалните бенефиции, кои учествуваат со 20,6% во вкупните расходи. За оваа намена реализирани се 15,2% (1.597 милиони денари) од планираните за 2020 година.

**Графикон 3.4:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - февруари 2020 година)*



Извор: МФ.

Министерството за образование и наука во периодот јануари - февруари 2020 година изврши буџетски средства во износ од 3.783 милиона денари, што е 14,1% од вкупниот буџет за 2020 година. Најголем дел од расходите (70,2%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 2.656 милиони денари или 16,4% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци се втора најзначајна ставка со учество од 16,0%, за што се потрошени 604 милиони денари, односно 15,3% од вкупно предвидените средства за тековната година.

Во периодот јануари – февруари 2020 година од страна на Министерството за внатрешни работи реализирани се вкупно 1.806 милиони денари, што претставува 15,4% од сопствениот буџет за 2020 година. Најзначајна расходна ставка претставуваат плати и надоместоци со учество од 72,9%, за што се потрошени 1.317 милиони денари или 16,3% од планираното. Втора најзначајна ставка се стоки и услуги со учество од 14,9%, за што се реализирани 268 милиона денари или 12,8% од годишниот план.

Министерството за одбрана во првите два месеца од 2020 година изврши буџетски средства во износ од 1.085 милиони денари, што е 10,7% од вкупниот буџет за 2020 година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество со 61,7%, за што се реализирани 669 милиона денари, што претставува 16,2% од вкупно предвидените средства за тековната година. Стоките и услугите учествуваат со 20,4% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 222 милиони денари, односно 8,3% од вкупно предвидените.

Министерството за здравство во периодот јануари – февруари 2020 година реализираше буџетски средства во износ од 857 милиони денари, што е 12,1% од вкупниот буџет за 2020 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 55,9%, за што се потрошени 479 милиони денари или 18,4% од средствата наменети за тековната година.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 2.939 милиона денари, што претставува 39,4% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, кои учествуваат со 91,4% во вкупните расходи, реализирани се 42,0% од планираните средства или 2.685 милиони денари.

Владата на Република Северна Македонија реализираше 233 милиони денари, односно 5,3% од планираните за 2020 година. Притоа, субвенциите и трансферите беа реализирани во износ од 133 милиони денари (4,7%) и учествуваа со 56,9% во вкупните расходи.

Министерството за транспорт и врски во периодот јануари - февруари реализираше средства во износ од 207 милиони денари, што е 3,5% од вкупниот буџет за тековната година. Субвенциите и трансферите во вкупниот буџет на овој корисник имаат учество од 38,1% и за оваа намена извршени се средства во износ од 79 милиони денари, односно 11,6% од планираното. Реализацијата на капиталните расходи изнесува 2,1% од предвиденото (100 милиони денари), а учествуваат со 48,3% во вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк *(http://finance.gov.mk/mk/node/693)*.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – февруари 2020 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 4.304 милиони денари, што претставува 0,58% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 4.248 милиони денари односно претставува 0,57% од БДП.

# *4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување

Во периодот јануари - февруари 2020 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 36.289 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени е повисок за 7,9% во однос на февруари 2019 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број нововработени, 43,2% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во февруари 2020 година, 18,5% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во февруари 2020 година изнесува 191.935, од кои 105.816 се активни баратели на работа, а 86.119 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 1,1%.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Најголем дел од активните невработени лица (63,0%) се градско население, а според половата структура 51,5% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 65,0% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 24,7% се со завршено средно образование, додека 10,4% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 47,6% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 55,5% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 6,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална нето-плата во јануари 2020 година оствари годишен раст од 12,3%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,6%. Најголем раст на просечната нето-плата се

забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (24.7%), Уметност, забава и рекреација (18,1) и Транспорт и складирање (16,4%). Реалните плати во јануари забележаа годишен раст од 11,6%.

Просечната номинална бруто-плата во јануари 2020 година оствари годишен раст од 12,9%, а во однос на претходниот месец е повисока за 2,9%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Финансиски дејности и дејности на осигурување (24,0%), Уметност, забава и рекреација (18,3%) и Транспорт и складирање (17,1%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 12,2%.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

## Пензии

Во февруари 2020 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 322.149 пензионери, што претставува зголемување од 2,1% во однос на истиот месец минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е повисок за 818 лица. Од вкупниот број пензионери, 66,1% се корисници на старосна пензија, 23,4% се корисници на семејна пензија и 10,5% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.

Просечната пензија во февруари 2020 година изнесува 15.275 денари и е за 6,2% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во јануари 2020 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,5%.

Просечната старосна пензија во февруари изнесува 16.539 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 13.858 денари, а просечната семејна пензија 12.337

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

денари. За исплата на пензиите во февруари 2020 година се потрошени 4.820 милиони денари, што претставува 52,8% од вкупните социјални трансфери.

# *5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР*

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (февруари 2020 година)




Извор: НБРСМ.

Во февруари 2020 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на 2,0%, откако во јануари ја намали за 0,25 п.п., односно од 2,25% на 2,0%. Одлуката за намалување на каматната стапка на почетокот на годината се темели на постојаните поволни движења на девизниот пазар, што доведе до поголем раст на девизните резерви од очекуваниот, што пак, упатува на отсуство на притисоци во надворешниот сектор и стабилни согледувања на домашните субјекти. Истовремено, тековните движења укажуваат на умерен раст на домашните цени, а со тоа и отсуство на ценовни притисоци.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

## Примарни пари

Во февруари 2020 година, примарните пари[6] регистрираа пад од 12,4%, споредено со февруари 2019 година. Ваквиот пад на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства на банките за 30,6%, додека готовите пари во оптег регистрираа раст од 9,6%.

На месечно ниво, примарните пари останаа непроменети односно регистрираа незначителен раст од 0,01%,  вкупните ликвидни средства на банките се намалија за 0,8%, додека готовите пари во оптег регистрираа раст од 0,7%.

---

6 Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

## Депозитен потенцијал[7]

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупните депозити на банките во февруари 2020 година регистрираа раст од 0,2% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 1,0%, а депозитите на домаќинствата регистрираа зголемување од 0,9%.

Од аспект на валутата, во февруари 2020 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,5%, додека депозитите во странска валута регистрираа пад од 0,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во февруари 2020 година оствари раст од 8,3% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 10,7% и 4,9%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 9,9% и 8,7%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 3,7%, а долгорочните депозити регистрираа раст од 5,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 60,6%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор;

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (февруари 2020 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **407.470** | **0,2%** | **8,3%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *247.099* | *0,5%* | *10,7%* |

7 НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Странска валута* | *160.371* | *-0,4%* | *4,9%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *172.188* | *-0,8%* | *3,7%* |
| *Долгорочни* | *110.647* | *0,2%* | *5,1%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **343.463** | **0,6%** | **6,9%** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *200.906* | *0,7%* | *5,2%* |
| *Странска валута* | *142.558* | *0,5%* | *9,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *60.096* | *0,2%* | *-1,6%,* |
| *Долгорочни* | *264.418* | *0,5%* | *9,8%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *16.520* | *3,9%* | *0,8%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во февруари 2020 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор регистрираа раст од 0,6% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,6%, додека кредитите кон домаќинствата регистрираа раст од 0,8%. Од аспект на валутата, во февруари 2020 година, на месечно ниво денарските кредити и девизните кредити се зголемија за 0,7% и 0,5%, соодветно.

На годишна основа, во февруари 2020 година вкупните кредити се зголемија за 6,9%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 11,1% и раст на кредитите кон претпријатијата од 2,8%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,2%, а кредитите во странска валута за 9,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,8%, а краткорочните кредити се намалија за 1,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во февруари 2020 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,91%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п и изнесува 5,34%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

0,02 п.п и изнесува 4,41%.

Вкупната каматна стапка на депозитите во февруари 2020 година изнесува 1,19% и е намалена за 0,01 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 1,61%, а каматната стапка на девизните депозити на месечно ниво се намали за 0,01 п.п. и изнесува 0,70%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во февруари 2020 година вкупниот промет на берзата регистрираше раст од 36,7% на месечно ниво како резултат на растот на прометот од класичното тргување за 26,8%, додека прометот од блок трансакциите се намали за 15,2%.

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

Вкупниот промет на берзата во февруари 2020 година изнесуваше 795,4 милиони денари и истиот е зголемен за 1,6 пати (165,5%) на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на февруари 2020 година изнесуваше 4.673,54 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 5,0%, а во однос на истиот месец претходната година е зголемен за 27,9%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на февруари 2020 година изнесуваа 3.084,52 милиони евра и во однос на претходниот месец се намалија за 0,5%, а во однос на февруари 2019 година регистрираа раст од 7,7%.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0